списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**



# АРХЕОЛОГИЈА

## копање подлабоко

број 9 • Година II, 2015 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005



**Археологијата во Капернаум**

**Најдобриот ден од седмицата**



**Како да се толкува библиско пророштво?**

**Историјата прикажана низ необични ѕверови**



**Обид да се промени Божјиот Закон**

Во овој број:

# Капернаум

Четирите големи

# ИМПЕРИИ

*Во времето кога Исус живеел на Земјата, Капернаум бил познат град на северниот крај од плодната Генисаретска Рамнина, на брегот на прекрасното Галилејско Езеро. Според библискиот извештај, многу Евреи живееле во овој погограничен град каде што биле стационирани и еден римски стотник (центурион) и неговите војници. Овој римски стотник се однесувал убаво кон Евреите и им изградил синагога (Евангелие според Лука 7,1-5). Некои од најблиските Исусови ученици потекнувале од Капернаум. Јаков и Јован биле рибари во Капернаум (Евангелие според Матеј 4,21); Симон Петар и неговиот брат Андреј имале свој дом таму (Евангелие според Марко 1,29); а Матеј Левиј го собирал данокот од жителите на Капернаум (Марко 2,14-17). Исус направил многу чуда во Капернаум. Тој го излекувал слугата на римскиот стотник (Матеј 8,5-13); излекувал еден парализиран човек (Матеј 9,1-8); и ја воскреснал ќерката на Јаир (Матеј 9,18-26). Всушност, Исус веројатно го направил Капернаум центар на своите активности во Галилеја, бидејќи за него се зборува како за „негов град“ (Матеј 9,1).*



Капернаум се наоѓа на северниот брег од Галилејското Езеро

## Положбата на Капернаум

Долго време имало недоразбирања за точната локација на Капернаум, но неодамна местото Тел Хам (Tell Hum) било признаено како вистинското место. На хебрејски јазик неговото име е Kaphar Nahum, што значи „селото на Наум“.




На брегот на езерото, во близина на Тел Хум, се наоѓа Францисканскиот манастир, па монасите вршеле многу истражувања во Капернаум, особено во периодот од 1968 до 1984 година. Тие откриле и реставрирале една синагога, за која се смета дека се наоѓала на местото на синагогата изградена од римскиот стотник. На исток од францисканскиот манастир се наоѓа и еден грчки манастир, каде што исто така се вршеле ископувања. Кај Капернаум се пронајдени некои остатоци од доцниот бронзен период, но главниот период од кога бил населен градот датира од петтиот век пред нашата ера до десеттиот век од нашата ера. По истекот на тие 1500 години, градот


Синагогата во Капернаум



Пресата за маслинки пронајдена во Капернаум

конечно бил напуштен. Иако жителите на Капернаум биле сведоци на Христовата моќ и на неговото проповедање, тие сепак го отфрлиле како нивни Месија. Поради тоа, Исус со тага изговорил пророштво дека нивниот град ќе биде закопан. *„И ти, Капернауме, што си се воздигнал до небото, до пеколот (до гробот) ќе бидеш спуштен; зашто ако во Содом се беа извршиле чудата што станаа во тебе, тој и до ден-денес ќе останеше“* (Матеј 11,23). Ова пророштво буквално се исполнило. Капернаум бил закопан во текот на 1000 години и речиси заборавен. Лопатите на археолозите го воскреснале градот и тој денес е мошне посетена туристичка локација.





## Археологијата во Капернаум

Едвард Робинсон, американски научник кој ја посетил оваа област околу езерото во 1838 год. бил прв кој ги забележал урнатините и ја идентификувал главната градба како синагога. Тој оставил мошне депресивен опис: „Целото место е пусто и изгледа жално“, запишал тој. Во 1866 год. еден англиски археолог, Ц. В. Вилсон (C. W. Wilson), извршил површинско ископување на местото на синагогата. Оставил запис за две монументални гробници што се наоѓаат на 200 метри северно од синагогата. Една од нив сè уште може да се види.



Во годините што следувале, жителите на Тибер (Tiberius) започнале да го ограбуваат тоа место, користејќи ги камењата за сопствени градби. Ваквото уништување прекинало во 1894 год., кога францискански ред на монаси од Неапол купил голема област од еден локален бедуин. Во 1921 год. монасите им дозволиле на двајца германски археолози да ја откопаат синагогата, која подоцна била реставрирана од страна на францисканците. Како спомен на таа реставрација бил врежан еден натпис на латински јазик на еден од столбовите од страна на Израелскиот оддел за антиквитети. Уште на еден столб бил врежан натпис во времето кога синагогата била во употреба. Тој натпис е на грчки јазик и гласи: „Ирод (синот) на Монимос и Јустос (негoвиот) син заедно со нивните деца го подигнаа овој столб“. Во околината биле откриени голем број артефакти од времето кога Капернаум бил населено место. Таму археолозите пронашле голема кружна преса за маслинки, камени мелници во кои се мелело житото во брашно, преса за вино и камења за острење. Биле пронајдени многу предмети со религиозна важност. Еден варовен камен ја открива Менора (седмокракиот светилник), а друг камен имал форма на стара запрежна кола со тркала. Ова често се толкувало како модел на ковчегот на заветот. Ерик Мејерс, американски Евреин кој е специјалист за римскиот период во Палестина, смета дека тоа го открива садот во кој во синагогата се чувале ролните од Стариот завет, кои биле возени (донесувани) во времето кога требало да се одржи богослужба.



Менората на варовен камен



Приказ на стара запрежна кола

## Синагогата во Капернаум

Археолозите најнапред сметале дека древните урнатини биле дел од синагогата изградена од центурионот споменат од евангелистот Лука. Потоа, научниците извршиле дополнителни истражувања, при што утврдиле дека потекнува од вториот век од нашата ера. Подоцна, археолозите отстраниле еден од бетонските камења од подот на синагогата. Под каменот нашле дебел слој малтер од вар, а под него откриле не повеќе од 30000 метални парички за кои со сигурност е утврдено дека датираат од четвртиот век од нашата ера. Ова откритие докажало дека синагогата не може да датира пред четвртиот век од нашата ера. Сепак, во остатоците од синагогата некои научници гледаат две различни фази на изградба. Горните слоеви биле на-



Белата синагога на темели од црни камења

правени од варовни блокови кои тежеле и до четири тони, кои веројатно биле отцепувани од каменолом оддалечен повеќе километри. Таа денеска се нарекува „бела синагога“. Долните слоеви биле направени од црн вулкански камен кој може да се најде во околината. Ова го викаат „црна синагога“. Се претпоставува дека долниот слој ѝ припаѓал на првата синагога, веројатно изградена од римскиот центурион, а подоцна таа била делумно урната, а белата синагога била изградена на темелите од црни камења. Како и да се случило, таа веројатно била мошне импресивна градба. Планот ја вклучувал и главната сала за средби, а на западната страна имало долга клупа каде што верниците можеле да седнат и да се молат. На задната страна од зградата се наоѓаат неколку скали направени од црн камен. Денес тие не водат никаде, но можеби оригиналната синагога имала горен кат за жените, па веројатно тие скали воделе до горниот кат.

## Куќата на **апостол Петар**

Помеѓу синагогата и езерото се наоѓаат ѕидови и под на некоја стара црква која имала осмоаголна форма. Во 1968 година археолозите што вршеле ископувања под подот откриле







Куќата која се смета дека била на апостол Петар

една куќа, за која тврделе дека била куќата во која живеел Петар. Додека стигнале со ископувањата до камената подлога, тие можеле да ја состават и историјата на куќата. Примероците од грнчаријата покажувале дека куќата најнапред била изградена во доцниот хеленистички период, околу 200 година пред Христа. Подоцна врз таа подлога биле ставени шест слоеви малтер. Тие откриле мали парчиња на иродски маслени ламби вградени во малтерот, но не нашле никакви остатоци од садови што се користеле за секојдневна употреба. Ова укажува на фактот дека сè до втората половина од првиот век од нашата ера, оваа градба се употребувала за религиозни цели. Ништо од ова не докажува дека тоа била куќата на Петар, но истражувачите се убедени дека тука се собирале христијани, бидејќи некои од натписите на ѕидовите го вклучувале и името на Исус. Во четвртиот век бил изграден ѕид со обем од 112 метри околу таа градба, бил поставен и полихромен под, што упатува на тоа дека градбата била место од големо значење. Во петтиот век, целата градба била закопана под слој земја, а врз неа била изградена осмоаголна црква. Дотогаш градбата очигледно традиционално била сметана како куќата на апостол Петар, бидејќи еден аџија кој ја посетил во шестиот век запишал: „Ние дојдовме во Капернаум во куќата на Св. Петар, која е сега базилика“. Римокатоличката црква го смета Св. Петар за прв папа, па затоа не изненадува што тие сега изградиле современа црква врз урнатините на осмоаголната градба. Но треба да им се оддаде признание за начинот на кој била изградена оваа црква. Врз повеќето други „свети места“ во Палестина изградени се цркви, а оригиналните археолошки остатоци се уништени од поновите современи градби. Римокатоличката црква во Капернаум ги сочувала археолошките остатоци на генијален начин, со поставување на нова црковна зграда врз урнатините. На тој начин црковните татковци ги задоволиле и аџиите и археолозите.



Статуата на Свети Петар во Капернаум

# Исус и саботата

Сите овие настани би требало да привлечат внимание за библиските извештаи за активностите, учењата и чудата на Исус што се случиле кога тој бил во Капернаум. Тука се забележува уште една интересна особина на Исусовите активности во Капернаум: неговиот пример и учењето за саботата. Исус бил Евреин и затоа го празнувал седмиот ден од седмицата како ден за одмор или свет ден. Четвртата заповед вели: *„Помни го саботниот ден за да го празнуваш. Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог“* (2. Мојсеева 20,8-10). Поголемиот број календари сè уште покажуваат дека седмиот ден од седмицата е сабота, а Евреите низ светот го празнуваат овој ден како Шабат (свет ден за одмор). Илјадници години еврејскиот народ непрекинато го слави седмиот ден како Шабат (свет ден за одмор). Во современиот Израел тој е национален ден за одмор. Државните служби прекинуваат со работа и во еврејските населби продавниците се затвораат, автобусите прекинуваат со работа, и побожните Евреи ги посетуваат синагогите. Христијанскиот свет исто така ја признава саботата како седми ден од седмицата. Повеќето христијани одат в црква во недела бидејќи Исус воскреснал во првиот ден од седмицата (недела). И Библијата вели дека тоа бил денот по саботата. *„Кога измина саботата, на осамнување во првиот ден на седмицата“* (Матеј 28,1). Повеќето христијани го признаваат Велипеток како ден во кој Исус бил распнат, а тоа бил денот пред сабота. *„Тој ден беше петок, и саботата веќе настапуваше“* (Лука 23,54). Според тоа, денот помеѓу Велипеток и Велигденската недела бил сабота, светиот ден за одмор.



Исус лекувал во сабота

## Чудата во саботниот ден

Бог рекол дека саботата треба да се празнува, не од полноќ до полноќ, туку од заоѓањето на сонцето до заоѓањето на сонцето; *„...од едната до другата вечер празнувајте ја вашата сабота“* (3. Мојсеева 23,32). Тоа била причината зошто жителите на Капернаум не ги носеле своите болни да бидат излекувани во саботниот ден. Но *„приквечер, кога заоѓаше сонцето, кај Него донесуваа секакви болни... и излекува многу болни што страдаа од разни болести“* (Марко 1,32.34). Не дека Исус не би ги излекувал болните во саботниот ден. Токму во Капернаум *„имаше во синагогата нивни човек со нечист дух... Но Исус му заповеда, велејќи: 'Замолкни и излези од него!'“* (Марко 1, 23.25). Исто така, во саботен ден во Капернаум *„тештата на Симон лежеше од треска; и веднаш му јавија за неа. Тој пристапи, ја фати за рака и ја подигна; и треската веднаш ја остави“* (Марко 1,30.31). Во друг саботен ден Исус излекувал човек со исушена рака и рекол: *„Во сабота е дозволено да се прави добро“* (Матеј 12,12). Ова не значи дека Исус ја укинал саботата или, пак, дека ги намалил нашите обврски спрема законот. Кога богатиот млад човек дошол кај него и го прашал: *„Какво добро треба да направам за да имам живот вечен?“* Исус одговорил: *„Ако сакаш да влезеш во животот, запазувај ги заповедите“*. Тој очигледно мислел на Десетте Божји заповеди, бидејќи цитирал неколку од нив (Матеј 19,16-18).



## Апостолите и саботата

Покрај тоа, и апостолите ја празнувале саботата уште многу години по воскресението. Во Турција, на пример, Павле проповедал во синагогата во Антиохија. *„А кога излегуваа Јудејците од синагогата,*



Поглед на Галилејското Езеро во близина на Капернаум



Библијата јасно зборува за важноста на саботата

*безбожниците ги помолија со овие зборови да им се проповеда и во следната сабота*" (Делата на апостолите 13,42). Ако саботата била променета со недела, тоа би била извонредна можност за Павле да им каже: – Нема потреба да чекате до следната сабота. Утре е Господовиот ден и јас тогаш ќе ви проповедам! Но неделата не била свет ден, таа била обичен работен ден. Во Светото писмо стои запишано: „*Следната сабота се собра речиси целиот град да го слушне словото Божјо*" (стих 44). Несомнено, многу христијани ќе прашаат: Зар не е неделата Божјиот ден? За неа често се зборува како за „Божји ден", но Библијата не ја идентификува така. Денот, кој Библијата го нарекува Божји ден е седмиот ден – сабота. Заповедта вели: „*Седмиот ден е сабота ГОСПОДОВА, ден на твојот Бог*" (2. Мојсеева 20,10), а Исус рекол дека е тој „*Господар на саботата*" (Марко 2,28).

# Како да се празнува
## саботата

Што вклучува празнувањето на седмиот ден – саботата? „Тогаш немој да вршиш никаква работа" (2. Мојсеева 20,10). Во часовите од залезот на сонцето во петок па до залезот на сонцето во сабота, не треба да се работи ниту една работа која може да се заврши во кој било друг ден. Тоа вклучува работа во фабрика, работа на нива, работа во канцеларија, работа во домот и секој друг вид физичка или ментална работа. Саботата не е ден за спортови, концерти или какви било други световски забави. „*Ако заради саботата ја воздржиш ногата своја да ги исполнува желбите на твоето срце во светиот мој ден, и ако ја нарекуваш саботата радост, свет ден Господов, ако ја празнуваш и ако ја почитуваш со тоа да не се занимаваш со обичните работи, да им угодуваш на своите грешни желби и да празнословуваш, тогаш ќе имаш радост во ГОСПОД*" (Исаија 58,13.14). Саботата не е ниту ден за купување. Кога трговците од Тир дошле во Ерусалим да ја продаваат својата стока во саботен ден, Немија им рекол на Евреите што купувале: „*Зошто вршите такво зло и го осквернувате саботниот ден?*" (Немија 13,17). Дури и непотребно готвење не би требало да се врши во саботниот ден. Бог им обезбедувал мана на Израелците во пустината, испраќајќи им двојна количина во петок, а во сабота воопшто не им испраќал. Со ваквото посебно чудо Тој не само што го означил овој ден како вистински Шабат (ден за одмор), туку им покажал и како треба да се празнува. Мојсеј им објаснил на луѓето: „*Утре е сабота, ден за одмор, посветен на ГОСПОД. Што ќе печете – печете, и што треба да варите – варете денес; а што ќе остане, соберете го и чувајте го за утре*" (2. Мојсеева 16,23). Петокот е наречен „ден за подготовка" (Лука 23,54) и во тој ден треба да се зготви двојно повеќе, за саботата да може да биде ден за одмор, и за домаќинката, и за вработените. Исусовите ученици верно ја празнувале саботата дури и во времето на Неговата смрт. Тие го одложиле помазанието на неговото тело до неделата наутро. Доцна во петокот попладне, кога го симнале неговото тело од крстот, жените „*го видоа гробот и полагањето на телото Негово. А потоа се вратија, приготвија мириси и миро, а во саботата одмораа според заповедта*" (Лука 23,55.56).



Со заоѓање на сонцето во петок почнува Божјиот ден - сабота



На луѓето од 21 век насушно им е потребен саботниот ден на одмор

# Ползата
## од празнување на саботата

Првата очевидна активност е да се посети црквата (свет собир). „*Седмиот ден е сабота – ден за одмор, свето собрание*" (3. Мојсеева 23,2). Исус ни поставил добар пример за празнување на саботата. „*И дојде во Назарет, каде што беше израснал, и по обичајот свој во еден саботен ден влезе во синагогата*" (Лука 4,16). Друга цел на саботата е да нè потсети на Божјото големо дело на создавање: „*Зашто за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сè што е во нив, а во седмиот ден си отпочина*" (2. Мојсеева 20,11). Значи, саботата е пригоден ден кога можеме да излеземе на прошетка со семејството во парк или во природа и да се восхитуваме на убавините на природата или да читаме книга за чудата на Божјото создавање. Тоа, исто така, е одличен ден да прочитаме и друга духовна литература која сме пропуштиле да ја читаме во текот на работната седмица.

## Најдобриот ден
### од седмицата

Некој можеби ќе праша: „Зар не се сите денови исти? Зар не можам сето тоа да го правам во недела?“ Забележете дека откако Бог ја заврши својата работа при создавањето, „Бог го благослови седмиот ден и го освети“ (1. Мојсеева 2,3) не постои извештај дека Бог благословил или осветил некој друг ден освен саботата, а се разбира дека Божјиот благослов го прави седмиот ден подобар од сите други денови во седмицата – во спротивно, би значело дека Божјиот благослов не вреди ништо. Ако го сакаме благословот кој Бог го положил врз седмиот ден, тогаш тоа е единствениот ден кога можеме да го добиеме таквиот благослов. Ако правилно се празнува, саботата може да биде најубавиот ден во седмицата. Исус не го оправдувал легалистичкиот начин на кој религиозните лидери во негово време ја направиле саботата сè друго само не благослов, оптоварувајќи го тој ден со мноштво неважни закони и забрани (Матеј 12, 1-8). Кога гладните ученици скинале неколку клавчиња пченка и ги изеле во саботниот ден, фарисеите ги обвиниле дека прават нешто што е против Законот (собирање плодови). Кога Исус влегол во синагогата во саботен ден и видел човек со исушена рака, фарисеите го набљудувале внимателно за да видат дали Тој ќе го излекува човекот. Тие барале можност да го обвинат за престапување на саботата. Но Исус ги прашал нив што би направиле тие ако едно од нивните животни би паднало во дупка во саботен ден. Зар не би го извадиле надвор од дупката? Се разбира дека би го извадиле, па со тоа Тој уште еднаш ја открил дволичноста на фарисеите (Матеј 12,9-14).

Токму таму во синагогата на древниот Капернаум, Исус изјавил нешто што се однесува на сите луѓе во сите векови: *„И така во сабота е допуштено да се прави добро“* (Матеј 12,12). Значи, медицинската работа и грижата за животни се дозволени во саботниот ден.

Саботата е најдобар ден кој родителите можат да го поминат со своите деца, да им читаат, да им зборуваат за нивниот прекрасен Творец, да им ја објаснат Божјата љубов преку примерите дадени во библиските стории, преку одговорените молитви и преку нивните лични искуства. Над сè, саботата треба да е ден на радост. Во Марко 2,27 Исус рекол: *„Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата“.*



Саботата е замислена да биде најдобриот ден во седмицата



# ЧЕТИРИТЕ ГОЛЕМИ ИМПЕРИИ

Пророкот Даниел живеел во времето на Вавилонската империја која владеела од 612 до 539 година пред Христа. Набонид (Nabonidus) бил последниот цар на Вавилон (Бабилон), но поголемиот дел од времето тој бил отсутен од градот, па затоа го крунисал својот син Валтазар (Belshazzar) за цар и помошен владетел во 553 год. пред Христа. Следната година Даниел сонил исклучителен сон во кој биле предвидени подемот и падот на четирите големи царства на Средниот Исток, по падот на Асирија. Сличен сон му бил даден на царот Навуходоносор од Вавилон во втората година од неговото владеење (Даниел 2,1-45). Во овој сон четирите светски царства биле претставени со лик направен од различни метали. Околу педесет и две години подоцна Бог му дал на Даниел еден пророчки сон. Даниел сè уште живеел во Вавилон, па кога сакал да зборува за тој сон, запишал: *„Во првата година на Валтазар, вавилонскиот цар, Даниел виде сон пророчки и виденија во главата своја врз своето легло“.* Потоа, тој го запишал сонот, изнесувајќи ги главните факти. *„Видов во ноќното свое видение, а таму, четири небесни ветра го брануваа големото море. И четири големи ѕвера излегоа од морето, секој поинаков од другиот“* (Даниел 7,1-3).



Релјеф кој го прикажува царот Набонид како ги обожава Сонцето, Месечината и Венера

## Како да се толкува
### библиско пророштво?

Ова е симболичен сон, но при толкувањето на значењето на симболите мораме да се придржуваме до еден мошне важен принцип. Библијата сама се толкува себеси. Секакви претпоставки и фантазирања треба да се отфрлат. Кога Библијата употребува пророчки симбол кој не е веднаш објаснет, ние треба да го побараме неговото значење во некој друг текст во Библијата. На старата општинска зграда или Ратхаус во Нирнберг, Германија, се наоѓаат четирите камени ѕвера претставени во Даниел 7 глава, што упатува на фактот дека ваквите толкувања биле разбрани со векови.





## Четирите големи **sверови**

Даниел видел четири големи sвера како излегуваат од морето. Даниел овде не го толкува значењето на морето, но ако отвориме во книгата Откровение, ќе го најдеме толкувањето на овој симбол. На Јован му била покажана *„блудница што седи над многу води"* (Откровение 17,1). Во стихот 15 му било кажано дека *„водите што ги виде ти, каде што седи блудницата, тоа се луѓето и народите, племињата и јазиците"*. Ако е ова објаснувањето за *„многу води"* во Јовановата визија, можеме да претпоставиме дека симболот за водата видена од Даниел исто така претставува народи и луѓе. Ветровите што го разбранувале морето би можеле да претставуваат војни и немири меѓу тие народи. Бог му рекол на Еремија: *„ќе испратам против Елам четири ветра"*, (Еремија 49,36), а во стихот 37 Бог му објаснил што претставуваат тие ветрови. *„И по нив ќе испратам меч"*. На Даниел јасно му било кажано што претставуваат четирите големи sверови. *„Овие големи sверови, четири на број, означуваат дека четворица цареви ќе се издигнат од земјата"* (Даниел 7, 17). Зборот *„цареви"* означува царства со кои ќе владеат тие, бидејќи во стихот 23 се споменува *„четвртото царство"*. Значи, овде имаме пророштво за четири големи царства меѓу народите кои ќе се здобијат со голема моќ како резултат на немири и војни. Сега треба да ги идентификуваме царствата што се претставени со четирите sвера.











статуа на лав од камен кој стои преку човек легнат на земја

## Лав со орлови крила

*„Првиот беше како лав, но со крилја орлови"*. Некои можеби веднаш ќе помислат на британскиот лав, но тоа би било само претпоставка. Запомнете, мораме да го побараме толкувањето на симболот во самата Библија. Еремија видел таков лав. Пишувајќи за вавилонските армии кои наближувале, тој рекол: *„Излегува лав од својот честар, тргнува истребителот на народите: тој излегува од местото свое, за да ја направи земјата твоја пустина"* (Еремија 4,7). Крилјата ја претставуваат брзината на вавилонското освојување. *„Коњите му се побрзи од орли"* (стих 13). Древниот Вавилон го усвоил лавот како свој национален симбол. Ископувајќи ги остатоците од тој голем град, современите археолози откопале една статуа на лав од камен кој стои преку човек легнат на земја. Поголемиот дел од богатствата на стариот Вавилон биле однесени во светските музеи, но лавот од камен останал во градот и станал симбол на современиот Вавилон. Вавилон веќе ја наметнал својата надмоќ врз Средниот Исток во времето кога Даниел го сонил овој симболичен сон. Во 612 год. пред Христа, Вавилонците под водство на Набополасар ја освоиле и ја уништиле Ниневија, главниот град на Асирската империја. Во 605 год. пред Христа, вавилонската војска ги поразила остатоците од асирската армија, а исто така го освоила и Ерусалим. Лавот со орлови крила веќе доминирал врз народите и племињата претставени со водите од морето. Но додека Даниел гледал *„му ги искубаа крилјата и потоа беше кренат од земјата, се исправи на нозете како човек и му се даде човечко срце"* (стих 4). Значи, тој sвер ја немал моќта на лав со орлови крила, туку имал кревка сила на човечко суштество. Навуходоносор сонувал за град кој никогаш нема да биде освоен и за династија која никогаш нема да изумре. Тој се стремел кон својата цел за воена надмоќ со силата и брзината на крилест лав. Но само две генерации подоцна, неговиот расипнички внук, Валтазар (Белшазар), се впуштил во пијанство и оргии со илјадници свои лордови, додека војската на персискиот цар Кир го опкружувала градот. *„Во истата ноќ Валтазар, царот халдејски, беше убиен"* (Даниел 5,30).

## Мечка со три ребра во устата

*„И ете, уште еден sвер, втор, сличен на мечка, стоеше од едната страна"* (Даниел 7,5). Цар-





ството што настапило по вавилонското царство било Медо-Персија, соодветно симболично прикажано со мечка чија една страна е повисока од другата. Во ова царство имало две страни. На почетокот Медите ја имале поголемата моќ. Тие за прв пат се појавуваат во историските записи во 836 год. пред Христа, кога Салманасер III (Shalmaneser III ) од Асирија ги запишал неговите војни против Медите. Токму медијанскиот цар Ксеркс (Cyaxeres) склучил сојуз со Набополасар од Вавилон за да ја уништи Ниневија во 612 год. пред Христа. Синот на Ксеркс, Астијаг (Astyages), ја одржал доминацијата на Мидјаните врз Персијците сè додека Кир Персиецот не се побунил против него во 553 год. пред Христа. Во времето кога Даниел го имал видението за мечката „накривена на една страна“, Персијците биле доминантна сила. Кога Вавилон бил поразен, Кир бил владетел на двојно царство, иако во библискиот извештај е запишано дека Медиец по име Дариј (или Дареј) управувал со градот Вавилон (Даниел 5,31). Досега археолошките натписи не открилe медијански цар по име Дариј од тоа време, но идните откритија можат да дадат поголема светлина на ваквиот извештај. Со текот на времето, доминацијата на Персијците била непобитна. Дариј I, Ксеркс и Артаксеркс биле персиски цареви. Повисоката страна на мечката несомнено упатува на ваквата персиска улога. Мечката *„имаше три ребра во устата, меѓу забите“* (Даниел 7,5). Медо-персиската армија постигнала многу победи и буквално проголтала три народа за да ја задобие севкупната власт на Средниот Исток. Прво од покорените царства била Лидија. Сарди бил главен град на Лидија, а под водство на Алијат и Кројс (Croesus), царството Лидија владеело во поголемиот дел на областа што е денес позната како Турција. Но во 546 год. пред Христа Персиецот Кир го освоил Сарди. Второ царство кое било покорено било Вавилон во 539 год. пред Христа, а третото царство - Египет. Камбис (Cambyses), синот на Кир, го освоил Египет во 525 год. пред Христа, и ја воспоставил 27-та династија.





Брзината на освојувачките походи на Александар е прикажана со симболот на крилест леопард



## Крилест леопард со четири глави

На Даниел му бил покажан подемот на царството на Александар Велики. „Потоа видов, пак, уште еден ѕвер, како леопард: на грбот имаше четири крилја од птица, и четири глави имаше тој ѕвер, и му беше дадена власт“ (Даниел 7,6). Во 480 год. пред Христа, Ахасвер од библиската книга за Естира, организирал огромна инвазија на Грција (Според грчкиот историчар Херодот, Ксеркс собрал војска од околу пет милиони војници, вклучувајќи ги сите помошни воени сили). Како една огромна силна мечка, големата војска тромаво се упатила преку Хелеспонт во Македонија, поразувајќи го храбриот Леонида кај преминот Термопили. Персијците потоа се упатиле надолу кон Атина и го запалиле Акропол. Но, исходот на инвазијата не зависел од победите на персиската копнена војска, туку од поморската битка кај Саламина. Таму вештите грчки бродови се втурнале меѓу изненадената персиска флота и ја уништиле. Со блокираните морски патишта, Ксеркс бил принуден да се повлече. Наскоро потоа, во битката кај Платеа, неговата армија повторно била поразена и тој морал да се повлече. Грците никогаш не го заборавиле и не им го простиле палењето на Атина. Во 333 год. пред Христа Филиповиот млад син Александар преминал преку Хелеспонт и ги поразил персиските воени сили во битката кај реката Граник (Granicus). Меѓутоа, Дариј III успеал да избега, и да ги прегрупира своите војници за да се бори против Александар во битката кај Ис. Александар потоа го окупирал Египет и во 331 год. пред Христа конечно го поразил Дариј во битката кај Арбела во Месопотамија. Тогаш, како одмазда за палењето на Атина, Александар го запалил прекрасниот персиски град Персепол. Сите овие битки ја претставуваат точноста на симболите на мечката и леопардот. Мечката е силно, но бавно животно. Леопардот е едно од најбрзите животни. Успесите на Александар главно зависеле од брзината на неговите дисциплинирани



воени трупи кои се бореле против големите но тешки за раководење, армии на Персија. Александар, со голема империја под негова власт, умрел прерано на возраст од 32 години, и зад себе не оставил наследник достоен за неговиот трон. Во следните 22 години се водела постојана борба за стекнување на централизирана контрола врз империјата, но ниту еден водач не бил доволно силен да ја носи наметката на Александар. Во 301 година пред Христа започнало неизбежното распаѓање на империјата, кога била поделена на четири дела под водство на генералите Касандер, Лизимах, Селеук и Птолемај. Империјата на Александар мошне прецизно е претставена со леопардот со четири глави.

## Исклучително силниот ѕвер



Но десеткуваната империја не можела да се надева да ја задржи својата независност наспроти растечката моќ на Рим. Даниел напи-



шал: *„Потоа видов од ноќните виденија и ете, четврти ѕвер, страшен и ужасен и многу силен. Имаше големи железни заби"* (Даниел 7,7). Во 168 год. пред Христа железната монархија на Рим ги поразила грчко-македонските воени сили кај Пидна и ја презела контролата врз Средниот Исток. Повеќе од четири века Рим владеел со безмилосна ефикасност. Но, дури и Рим се распаднал. Даниел запишал дека безимениот ѕвер „имал десет рога", стих 7, кои претставуваат *„десет царства што ќе настанат од ова царство"* (стих 24). Ослабен од внатрешната корупција и поделен со постојани борби и религиозна противставеност, Рим не можел да се одбрани од варварските хорди кои го предизвикувале неговиот авторитет. Визиготите ја окупирале Италија, Вандалите – Африка, Хуните го окупирале Гал, а други жестоки племиња исто така презеле свој дел од империјата. Кога последниот римски император бил соборен од престолот во 476 год. од новата ера, римската империја престанала да постои.



## Малиот рог

Додека се случувало сето тоа на политичката сцена, на религиозно поле се случувале чудни настани кои требало да имаат многу поголемо влијание во светот на политиката. На Даниел му била покажана нова сила во подем. *„Ги гледав тие рогови, и ете, меѓу нив се појави уште еден мал рог, а три од првите рогови беа од корен истргнати пред него"* (стих 8). Не би требало да претставува проблем идентификацијата на овој рог, бидејќи постојат повеќе знаци за идентификација за ова царство отколку за кое било друго од претходните царства. Тоа ќе биде *„поинакво од сите други царства"* (стих 23). Сите други царства биле строго политички. Од она што следува во пророштвото, очигледно е дека ова ново царство ќе биде првенствено религиозно царство. Тоа царство требало да се издигне од десетте царства, меѓу кои ќе уништи три (стих 8). Само овие три карактеристики може да наведат на едно можно толкување. Овде е претскажан подемот на политичката моќ на христијанската црква со седиште во Рим. Во текот на речиси три века паганскиот Рим се обидувал да ја уништи христијанската вера, но црквата сепак продолжувала да цвета и да расте. Кога Константин станал император, тој увидел дека христијанството е толку популарно, што решил да го прогласи за државна религија. Во следните години државите од Европа исто така го прифатиле христијанството. Но постоеле три држави кои ја надополниле теологијата на Аријан и одбиле да го признаат авторитетот на папата од Рим. Тоа биле Вандалите, Остроготите и Херулите. Под влијание на папата, римската армија била испратена да ги збрише. Трите народи биле поразени – „истргнати од корен".


Императорот Константин



## Горделиви зборови

Даниел продолжува понатаму: *„На тој рог имаше очи, како човечки очи, и уста што горделиво се фали"* (стих 8). Овие горделиви зборови биле проговорени *„против Севишниот"* (стих 25). Ова не се однесува на членовите на католичката црква. Има многу побожни католици чија вера и побожен живот покажуваат дека тие се вистински христијани кои ќе наследат вечен живот. Сепак, ова е обвинение против некои од учењата на католичката црква. Многу верници, па дури и свештеници, веројатно не се ни свесни за некои од овие учења, кои пред небесните очи ги сочинуваат „горделивите зборови" против Бога и неговиот син Исус Христос. Во 1943 год. Австралиското здружение за католичка вистина (Australian Catholic Truth Society) објавило мала брошура, чиј автор бил пречесниот Роберт Неш С. Ј. Следната изјава се наоѓа на страниците 8 и 9: „Најнапред значи, моќта на свештеникот е поголема од вистинското Христово тело, благословената Евхаристија (причесна) – моќ која ги надминува сите останати, кои некогаш им биле дадени на луѓето или на ангелите. Облечен во својата свештеничка облека, тој стои, секое утро, пред жртвениот олтар и го повикува второто лице од Светото Тројство од небото. А на неговите свештенички повици Исус Христос веднаш и во потполност одговара. „О, свештенику," извикува Св. Августин, „оној кој те создаде ти дава моќ да го создадеш Него!" Ваквиот исказ е логичен исход на доктрината за транссупстанција, учењето дека лебот не е симбол на Христовото тело, туку буквално се престорува во месото на Исус Христос. Тоа изгледа како невина доктрина, но ако се согледа неговата крајна цел, тоа навистина создава ароганција, да се тврди дека еден свештеник има моќ да го создаде Христа. Во 1947 година „М. Х. Гил и Синот", издавачка куќа од Даблин, објавила книга од Отец Алојз, која подоцна можела да се купи во католичките книжарници во Австралија. Јас ја купив книгата со наслов „Други Христоси". За почит е верувањето дека постои само еден Христос. Тврдењето дека постојат повеќе од еден Христос, нема никаква библиска основа. Но во оваа книга токму тоа се тврди за католичките свештеници. Дали христијаните навистина можат да прифатат дека свештеникот е уште еден Христос? Дали Христос ја наведнува својата глава во знак на понизна послушност кон заповедта на свештеникот? Тоа навистина е премногу. Токму во ваквите искази се гледа дека овој мал


Железното царство, Рим, престанал да постои 476 година

рог изговара *„горделиви зборови против Севишниот“*. Друг знак за толкување се наоѓа во стихот 25. Папската црква *„ќе ги угнетува светиите на Севишниот“*. Никој не може да негира дека католичката црква била најнетолерантна во текот на многу столетија. Многу повеќе маченици биле измачувани и убивани во текот на христијанската ера отколку во времето на паганскиот Рим. Валденжаните во Италија, хугенотите во Франција, сите оние што биле истребени во времето на шпанската инквизиција, и протестантите во Англија, сите биле жртви на угнетувачката моќ на католичката црква.

## Обид да се промени Божјиот Закон

Силата на овој мал рог исто така *„ќе си помисли да ги измени празниците и законите“* (стих 25). Парламентарците ги менуваат политичките закони секој ден во седмицата, па очигледно е дека ова не се однесува на таквите закони. Бидејќи малиот рог претставува религиозна сила, тогаш тука мора да станува збор за Божјиот закон. Десетте заповеди кои Бог му ги дал на Мојсеј на Синајската гора претставуваат темел врз кој почиваат сите други закони. Првите четири заповеди упатуваат на тоа како човечкиот род треба да го почитува својот Творец. Другите шест заповеди се однесуваат на обврските што ги имаат луѓето кон своите ближни. Прочитајте ги сите десет заповеди во 2. Мојсеева 20,1-17 и ќе откриете дека во само една од нив се споменува нешто за времето. Четвртата заповед. Единственото време што се споменува во Десетте Божји заповеди е саботниот ден. Божјиот закон вели: *„Шест дена работи и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота ГОСПОДОВА, ден на твојот Бог“* (2. Мојсеева 20,9.10). Дали католичката црква се обидела да го промени ова време? Според нејзините сопствени искази, да. Во 1939 год. издавачката куќа Хердер (Herder Book Co, of St Louis and London), го објавила 13-тото издание на многу популарниот католички катехизам под наслов „Катехизам за католичката доктрина на еден обратеник“ од пречесниот Питер Гејерман (The Convert's Catechism of Catholic Doctrine," by Rev. Peter Geiermann). Ја купив оваа книга од книжарницата Пелегрини во Сиднеј. На страница 50 стои запишано: „Ние ја прашавме католичката црква 'Дали вие го променивте Шабат од сабота во недела?' А католичката црква одговори: 'Се разбира, ние го променивме, на Соборот во Лаодикеја, во 336 г'."





## Како се случила промената?

Тоа не значи дека целиот христијански свет го празнувал седмиот ден до четвртиот век, а потоа наеднаш преминал кон празнување на првиот ден. Не, промената била постепена. Првите христијани го светкувале седмиот ден. Но како што христијанството се ширело низ Римското Царство, имало многу обратеници кои го обожавале сонцето, па сè уште си ја почитувале неделата, како ден на сонцето. Друг фактор за промена

Католичката црква изјавува дека ја променила саботата во недела





# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА.
Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## КАПЕРНАУМ

***1.*** На кое езеро се наоѓал Капернаум? Одговор:

***2.*** Колку години бил окупиран Капернаум? Одговор:

***3.*** Од кој век датира пронаоѓањето на монетите во синагогата во Капернаум?
Одговор:

***4.*** Што е неодамна изградено над осмоаголната тврдина во Капернаум?
Одговор:

***5.*** Кој ден од седмицата Исус го сметал за сабота (Шабат)?
Одговор:

***6.*** Кој ден од седмицата е седми ден? Одговор:

***7.*** Кога започнува седмиот ден сабота (Шабат)? Одговор:

***8.*** Дали Исус лечел болни луѓе во сабота? Одговор:

***9.*** Како се нарекува петоко Лука 23,54? Одговор:

Прашање за размислување:

***10.*** Дали Библијата вели дека и друг ден може да се смета за Шабат?

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ЧЕТИРИТЕ ГОЛЕМИ ИМПЕРИИ

**1.** Во која година Даниел го сонил сонот за четирите империи?

Одговор:

**2.** Кои четири царства биле претставени како четири ѕверови?

Одговор: а) б)

в) г)

**3.** Што претставува водата во библиското пророштво? Одговор:

**4.** Кој римски император го прифатил христијанството како државна религија?

Одговор:

**5.** Кои три нации силата на малиот рог ги искорнала?

Одговор: а) б) в)

**6.** Што ќе се обиде да промени малиот рог со својата моќ? Одговор:

**7.** Според Библијата, кој ден од седмицата е Шабат? Одговор:

**8.** Која црква тврди дека саботата е променета? Одговор:

**9.** За кои две работи велел Исус дека нема да го избегнат законот?

Одговор:

**10.** Кој е единствениот ден кој Бог го благословил? Одговор:

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

### Ваши податоци

Име и презиме

Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**





било и прогонството од страна на Римјаните против Евреите и христијаните. Христијаните биле прогонувани само поради својата вера, без да бидат дополнително изедначувани со Евреите, кои ја празнувале саботата. Од тие причини, неделата постепено станувала сѐ попопуларна како свет ден, наместо седмиот ден – саботата, па конечно католичката црква го ставила својот печат врз промената, донесувајќи одлука на Соборот во Лаодикеја.

## Исус не го променил светиот ден

Некои христијани едноставно се шокирани кога ќе откријат дека празнувањето на неделата како свет ден има свој авторитет само од страна на католичката црква. Ако воопшто некогаш размислувале за тоа, сметале дека Исус веројатно ја одобрил таквата промена. Но Исус мошне јасно истакнал дека нема намера да изврши каква било промена на Божјиот закон. Во проповедта на Маслинската Гора, Исус рекол: *„Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам Законот или пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам“* (Матеј 5,17). Тоа значи дека Тој дошол да ги држи (исполни) заповедите. Токму пред својата смрт, Тој рекол: *„Јас ги запазив заповедите на мојот Отец“* (Јован 15,10). Потоа продолжил: *„Вистина, вистина, ви велам: дури постојат небото и земјата, ниту една* ***буквичка*** *или* ***црта*** *од Законот нема да се измени, додека не се исполни сѐ“* (Матеј 5, 18). Буквата *'yod* (на англиски или на грчки јазик Ιώτα – јота) е најмалата буква во еврејската азбука. Таа е малку поголема од запирката. Дијакритичкиот знак (на грчки – keraia, што значи налик на рог) е проекција на една еврејска буква. Некои еврејски букви се многу слични на други. Единствено нешто по што се разликуваат е ваквата проекција или црта. **ב** (**Б**) и **כ** (**К**) се слични; **ג** (**Г**) и **נ** (**Н**) се слични. Постои сосем мала проекција наречена титла, која ја прави разликата. Треба да обрнеме внимание дека во четвртата заповед еврејскиот збор за „седми“ е **shebiy'iy**. Ќе забележите дека во овој збор има две „јоти“ и една „титла“. Овој збор „седми“ не може да се промени во „прв“. Исус рекол дека ниту една „јота“ ниту „титла“ нема да се измени од зборот „седми“. Седмиот ден е сѐ уште христијанскиот Шабат.

## Апостолите не го промениле денот

Некои можеби мислат дека апостолите имале авторитет да го променат денот по Исусовото воскресение. Не постои ниту еден стих во Библијата во кој стои дека тие го промениле денот, ниту дека го празнувале првиот ден како ден за богослужение. Напротив, Павле напишал дека *„за народот Божји сѐ уште останува саботна починка“* (Евреите 4,9). Грчкиот збор кој Павле овде го употребил за „одмор“ бил „сабатисмос“ што значи 'празнување на Шабат'. Ова е значењето запишано на маргините на верзијата на King James Version, Young's

АРХЕОЛОГИЈА копање подлабоко

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 9, година II, 2015 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

Concordance, како и на други авторитативни верзии. Значи, седмиот ден Шабат не исчезнал ниту бил променет. Тој сѐ уште останува ден за одмор на Божјиот народ.



## Дали е навистина важно кој ден се празнува?

Но, некој можеби ќе праша: „Дали навистина е важно кој ден го празнуваме, ако празнуваме барем еден од седумте денови?“ Ако го признаваме авторитетот на Бибијата, ќе заклучиме дека е навистина важно. Најнапред, тука станува збор за едноставна послушност. Павле ги прашал христијаните во Рим: *„Дали знаете дека, ако му се предавате некому како робови за послушност, робови сте му на оној кому му се покорувате, или на гревот, кој води во смрт, или на послушноста, која води кон праведност?“* (Римјаните 6,16). Кога Бог ни заповеда да го празнуваме седмиот ден, дали можеме да очекуваме дека Тој ќе одобри ако ние наместо тоа, го празнуваме првиот ден? Понатаму, се поставува прашањето што очекуваме од сето тоа? При создавањето *„Бог го благослови седмиот ден и го освети“* (односно 'го направи свет') (1. Мојсеева 2,3). Господ никаде не рекол дека тој го осветува првиот ден, а се разбира дека ниедно човечко суштество нема моќ да го направи тоа. Само Бог е тој кој може нешто да направи свето. Ниту пак човекот може да благослови ден кој Господ не го благословил. Човекот може да празнува кој било ден од седумте како свет, но тој не може да добие благослов во денот што не е благословен од Бога. Потоа, тука станува збор и за љубовта. Исус Христос не бил само Божји Син; Тој бил Бог (Јован 1,1-3). Несфатливо е за нас дека Тој како Бог требало да стане човек. Какво удостојување! А потоа и помислата дека Тој ги издржал сите измачувања на кои бил изложен пред и со самото распнување на крстот! Сигурно е дека сето ова треба да ја поттикне нашата благодарност и љубов. А Исус рекол: *„Ако ме љубите, држете ги моите заповеди“* (Јован 14,15).


**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

**ПОГРЕБНИТЕ** обичаи во библиските земји

**ОКУЛТИЗМОТ** во минатото

- Египетски, асирски, хититски, римски погребни обичаи
- Како постапуваат евреите со своите починати?
- Што се случува со душата?
- Астрологијата во минатото
- Зодијачките знаци


